Зоран НАЦЕВ

УДК: 304-027.511
339.91-027.511

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И БЕЗБЕДНОСНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ

## ВОВЕД

Присутен е широк спектар на одредници за времето во кое живееме. Имено, некој велат дека се работи за период по студената војна. Други ја преферираат назнаката – нов милениум. Трети велат дека конечно настапи време на триумфалната победа на (нео) либерализмот и на „крајот на историјата". За многумина станува збор за завршување на идеолошката војна и настапување на ерата наречена посткомунизам. Има видувања која велат дека живееме во униполарен миг во кој доминира една хиперсила. Светот по 11 септември е исто така мошне експлоатирана периодизација на времето во кое битисуваме. На спомнатово се надоврзува и еден релативно понов термин – глобализација, за кој французите имаат свој поим мондијализација. За глобализацијата се повеќе се пишува и дискутира во академските кругови од различни аспекти. Терминот стана „згодно" именување на процесот во кој се наоѓа светот и веќе е и незаобиколен дел од вокабуларот на државниците, политичарите, невладините преставници, но и на обичните луѓе. Терминологијата е една работа додека, суштината на она што глобализацијата го одразува е сосема друг аспект на појавата. Имено се работи за феномен кој содржи многу контрадикторности. Оттука и не зачудува што тој стана предмет на уважување но и на демонизација. Истото на некој начин не плаши но и охрабрува бидејќи е проткаен со редица нејаснотии, неизвесности. Но и надежи. Како реалност феноменот е тука и речиси дека работите не можат да се вратат назад. Но да видиме зашто е тоа така.

### Што е всушност глобализацијата

Ако во фокусот на интересирањето за некоја појава е формата и карактерот, тогаш по однос на глобализацијата се сретнуваат видувања кои велат дека се работи за процес, производ, политика, дека е тоа историска неизбежност, односно нова доктринарна визија, концепција или пак судбина, неизбежност, мит и сл. Интересно е дека

некој корените на појавата ја лоцираат уште во 15-от век, други тоа го наоѓаат во 19-от век, додека пак за многумина истражувачи феноменот на глобализацијата поинтензивно започнал да се манифастира пред крајот на студената војна.

Во основа се работи за повеќезначаен феномен чие дефинирање најповеќе зависи од тоа кој истражувачки аспект се преферира – економски, политички, безбедносен, социјален, културолошки и др. Наједноставно кажано глобализација преставува мултидимензионален феномен кој говори за интегрирање и меѓузависност на светската заедница во повеќе аспекти на живеење. Односно, дека се работи за сложен процес во кој се вклучени разни актери каде што сепак се уочува растечката улога на меѓународни и наднационални организации како што се ООН, ЕУ, НАТО и др. Во контекст на спомнатово, интересно е видувањето на Бжежински (2004) кој вели дека „глобализацијата преставува слика на она што е и како е", односно дека на другите „им служи како опишување на она како би требало да биде, додека за многумина значи и едно и друго". Како и да е, таа се смета за „основен виновник" за појава на ново време кое се карактеризира со општа достапност, транспарентност и соработка.

За дел од државите, особено САД, глобализацијата преставува прифатливо толкување на новите светски прилики по падот на комунизмот и условно земено крајот на идеолошката војна. Односно, сосема примерено стојалиште за промовирање на идејата дека настанал историски период во кој „победиле" класичните либерални (односно неолиберални) вредности и идеи кои се однесуваат на потребата од изградба на слободен пазар како една од движечките елементи на глобализацијата. За глобализацијата се говори како за реален процес кој предизвикува „компресирање", стандадизирање и хомогенизација на сите нивоа на човековото дејствување.

Во литературата се потенцира и тоа дека глобализацијата ја истакнува новата реалност олицетворена во се поголемата меѓузависност како резултат од појавата на новите комуникациски технологии (персонални сметачи, интернет, мобилна телефонија и др.). Тие го променија не само начинот на кој луѓето произведуваат и комуницираат туку и самиот начин на кој размислуваат за себе и за другите. Притоа, националните граници имаат се поголемо значење како демаркациони линии одколку да се вистински пречки за движење на стоката и финансискиот капитал. Тоа во најголем број на случаеви не важи и за луѓето.

Глобализацијата се толкува и како нешто што пред се се одвива на корпорациско рамниште, односно дека таа најсилно се манифе-

стира и остварува преку меѓународни (мултинационални) корпорации кои не ја пренесуваат само стоката и капиталот преку граница туку и технологијата. Имено, со цел остварување на високи профити тие ги селат или отвараат фабрики во држави со ефтина работна сила, достапни ресурси и со влади кои се подготвени да замижат" пред некои работи кои едноставно се незамисливи да се прават во земјата од каде доаѓаат (на пр. по однос на заштитата на животната средина, на домашното производство, на потрошувачите и др.).

Во литературата од оваа проблематика можат да се најдат согледувања кои глобализацијата ја поврзуваат со САД. Односно дека таа е современ израз на неоколонијализмот на САД (вестернизација) во кој „историска случајност на појава на интерактивна глобална заедница и на политички доминантна, економски динамична и културолошки привлечна нација, го поврзува феноменот на глобализацијата со феноменот на американизација. Затоа во процесот на глобализацијата јасно може да се прочита made in USA" (Бжежински, 2004).

Многумина научници и стручњаци се сложуваат дека највидливиот аспект на глобализацијата е економскиот, односно економско делување на корпорациите. Дел од нив сметаат дека глобализацијата на светското стопанство по автоматизам доведува до глобализација на светската политика во која се поголема улога имаат меѓународни владини и невладини организации. Притоа, регионализацијата на меѓународните односи често се толкува како најважна меѓуфаза до целосното остварување на концептот на глобализацијата. Односно, дека нејзиното ширење доведува до темелни промени во меѓународните односи, дека ја намалува моќта на државата, а се зголемува влијанието на регионални и глобални институции кои, меѓу другото, би требало да го обезбедат и глобалниот мир.

Се смета дека иако меѓузависноста меѓу економијата, политиката и безбедноста сеуште не е универзална и воедначена, дека сепак глобализацијата ќе ја намали анархијата на глобалниот поредок преку умрежување на различно формално и неформално поврзани структури. Односно, дека јакнењето на глобализацијата може да биде суштински елемент во надминувањето на анархичната природа на меѓународната заедница и со тоа, според мошне оптимистичко сценарио, дека ќе дојде крајот на војувањето меѓу држави, Иако државите различно реагираат на глобализацијата, сепак таа е неодминлива во разгледувањето на надворешните предизвици со кои тие денес се соочуваат во смисла на прилагодување или одбегнување на притисоците кои таа ги предизвикува. Факт е дека елитите на побо-

гатите, поразвиените и технолошки понапредните држави со поизразен ентузијазам го прифаќаат напредувањето на процесот на глобализацијата. Други кои не припаѓаат на спомнатава категорија, очекуваат (можеби нереално) дека таа ќе им донесе повеќе економски погодности (прилив на странски капитал, одстранување на сиромаштијата, економски раст и др.).

Како и да е меѓународниот систем во почетокот на 21-от век очигледно се разликува од претходниот во едно важно обележје. А тоа е дека сите држави без оглед на големината и моќта, благодарејќи на глобализацијата делуваат во еден меѓузависен и умрежен амбиент кој со порастот на значењето на меѓународните организации, ја намалува нивната способност на превземање на самостојни акции. Ако работите се гледаат низ призма на погоре спомнатово, тешко е да се очекува дека процесот на глобализацијата може да се врати назад. Туку, особено е важно како тој да се направи пофункционален, како да се искористат полезностите кои глобализацијата потенцијално ги носи во себе а притоа да се намалат опасностите. Меѓу други важни работи е тоа дека приврзаноста, односно привлечноста кон некоја идеологија, по правило зависи не само од нејзината визија за иднината туку и од прифатливоста на нејзините митови во сегашноста (Бжежински, 2004).

Прифатеноста на глобализацијата во јавноста е дискутабилна работа соогледна постоење на противречни и двосмислени реакции по однос на истата, што упатува на постоење на потенцијално проблематичен феномен[1]

## Контроверзите на глобализацијата

Благодетите од глобализацијата, гледано од аспект на нејзино сегашно етаблирање, подеденакво не ги чувствуваат сите луѓе, нации, држави и региони. Некој значително успеаа да ги исползуваат позитивните ефекти од глобализацијата, додека други пак мошне силно и грубо се засегнати од нејзините негативни влијанија. Односно, се соочуваме со поделен свет и тоа на делови (земји) вклучени во глобализацијата како и на оние кои не се доволно успешни во тоа. Но и на зони на држави кои одбегнуваат да се вклопат во неа или се оневозможени тоа да го направат поради политичките прилики, културолошката ригидност или пак се премногу сиромашни.

[1] Досега не е забележено масовно собирање во име на подршка на глобализацијата, додека пак обратно, многу почесто е во последно време.

Гледајќи ги работите од **позитивна страна,** глобализацијата придонесе многу земји од третиот свет да излезат од повеќегодишна изолација. На луѓето од тие земји им создаде можности за поинакво перцепирање на работите како резултат од создадените услови за слободен пристап до нови сознанија.

Одделни држави кои навремено се престроија и адаптираа кон новите околности, преку економското интегрирање во глобалниот економски систем, значително искористија од глобализацијата (на пр. земјите од Источна Азија). Имено, со одстранувањето на бариерите за меѓународна трговија како и преку олеснување на пристапот до пазарите и технологијата, на многу земји им се овозможи да остварат значително побрз развој одколку тоа беше случај порано. Процесот на глобализацијата резултираше со создавање на повисок степен на економска зависност меѓу високо развиените демократии, што во многу нешта го стесни просторот недоразбирањата помеѓу нив да се решаваат со употреба на сила.

Достапноста на комуникациската технологија како еден од најочигледните поттикнувачи (мотори) на глобализацијата овозможи зајакнување на врските меѓу активисти во различни делови на светот во промовирањето и остварувањето на идеи и цели корисни за глобалната заедница.

Се смета дека една од поочигледните придобивки на глобализацијата е во подобрувањето на здравствените услуги на населението, во зголемувањето на писменоста во селските подрачја, во делот на борбата против СИДА, во искоренувањето на некои заразни болести и др.

Таа даде дополнителен импулс во поттикнувањето на глобалната идеја за цивилно општество во функција на развој на демократијата и на изнаоѓањето на модалитети за поголема социјална правда. Благодарејќи на глобализацијата од поодамна создадените меѓународни (меѓувладини) институции излегоа од маргинално-летаргичната фаза со зацврстени позиции (на пр. ООН).[2]

Спомнативе амфирмативно искажаните констатации во врска со позитивните аспекти на глобализацијата можат да се дополнат, прошират и со други видувања. Но, бидејќи основната цел е да ги видиме негативните последици од глобализацијата, следи поширока елаборација токму на тие прашања.

---

[2] На пр. резултат на таа соработка беше мобилизирање на светската јавност за потпишување на договор од страна на 121 земја за уништување и неупотреба на нагазни мини, потоа простување на долгови на некои од најсиромашните земји во светот и др.

## Негативни последици од глобализацијата

Многу луѓе не се согласуваат со концептот на глобализацијата. Дел од нив тоа јавно го манифестираа уште во Сиетл (САД) во 1999 год. по повод состанокот на Светската трговска организација (СТО). Но потоа протестите па и насилствата против глобализацијата зачестија особено кога се одржуваа состаноците на Светската банка (СБ), Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), групата на осум најразвиени земји (Г-8) и др.

Што е тоа што луѓето кои протестираа „препознаа" лошо во глобализацијата, а кое промоторите на истото не го „гледаат"? Дали е тоа страв дека таа ќе доведе до натамошно осиромашување на најголем дел од населението наспроти на уште поинтензивното богатење на и онака богати поединци, групи и слоеви? Се работи ли за тоа дека ќе се зголеми општата небезбедност и социјална несигурност? Дали луѓето стравуваат дека традиционалните вредности, културата и нивната животна средина ќе бидат разурнати и уништени? Или пак сето спомнато на различен начин и степен на манифестирање е дел од вкупниот мозаик наречен негативни последици од глобализацијата.

Ова што следи би можело да преставува дел од одговорите на посочените дилеми, а ги групираме во сегменти кои се однесуваат на одделни аспекти на живеењето во свет наречен глобализација.

1. Сите држави, без оглед на нивната моќ, изложени се на притисокот на глобализацијата и регионализацијата. Одговорот на неа во голема мерка го оформува надворешно-политичкото однесување на државите во смисла на прифаќање на „играта" или создавање на поинакви стратегиски опции. Пред така условно земено, сложена дилема многу потешко им е на малите и слабите држави. Тие немаат широк дијапазон на алтернативи. Напротив, дури се смета дека тие на некој начин се „принудени" да водат политика (внатрешна и надворешна) втемелена на постулатите на (нео) либералната демократија. Или како што тоа некој критичари на глобализацијата истакнуваат „присилени се" да ја спроведуваат ортодоксната неолиберална стратегија, односно проектот зад кој стојат влијателни и одбрани групи, а како услов е нужен за вклучување во светскиот систем. Од друга страна дел од државите не секогаш се подготвени врз тие основи и на тој начин да ги остваруваат своите интереси. Но, најверојатно поради проценката (најчесто погрешна) дека економските бенефиции се приоритентни, во многу ситуации тие свесно жртвуваат и дел од сопствениот суверенитет во име на „општото добро", без ог-

лед што тоа повлекува и политичка зависност. Една од последиците на таквиот приод, особено кога се работи за сиромашни држави е создавање на уверување кај населението дека тие и нивните влади како да немаат речиси никакво влијание при донесувањето на важни политички одлуки а кои директно се одразуваат на нивната општа благосостојба и положба. Односно, како што истакнуваат скептиците на глобализацијата, таа како проект е во полза на превилигирани држави. Спроведувајќи ја доктрината на универзален империјализам тие го ограничуваат надворешно-политичкото однесување на редица земји и нивното настојување самостојно да управуваат со сопствените работи. Со тоа придонесуваат за продлабочување на старите и создавање на нови нееднаквости. Во контекст на ова Сорос остро предупредува дека глобализацијата придонесува за развој на „фундаментализмот и агресивниот национализам, туркајќи го светот кон создавање на фрагментирани цивилизациски блокови и културолошки етнички енклави“ (Сорос, 2004).

Во однос на расправите за тоа дали глобализацијата се движи кон демократска или авторитарна форма многумина го препознаваат надвладувањето на ова второто на сметка на демократската форма. Настојувајќи да се разоткријат симптомите на таквата тенденција, можат да се најдат ставови и видувања кои потенцираат дека се случува „премин од консензуална хегемонија“ кон попрогресивна форма-доминација, со назнака дека веќе се препознаваат ембрионалните видови на авторитарна транснационална држава“ (Пејчулиќ, 2005).

Некои автори проблематичноста на глобализацијата ја гледаат во тоа дека со растечката поврзаност и умреженост на различни субјекти се предизвикува и поголема несигурност на глобалниот систем. А поради одсуство на можноста многу од тие процеси да се следат и контролираат истите во крајна инстанца наместо соработка можат да доведат до жестока конкуренција но и да премине во непријателство. Она што се повеќе станува видлив аспект на глобализацијата е фактот дека континуирано се намалува способноста на суверените држави да се справуваат со глобални проблеми користејќи ги само националните средства.

2. Денес, а особено во иднина, просто е незамисливо функционирањето на глобалната заедница да базира на платформата наречена самодоволни национални економии. Еден од клучните причини за тоа е ширењето и глобализирањето на економскиот простор кој како што веќе спомнавме не придонесува за подеднаква благодет и просперитет за сите.

Имено, глобализацијата го отвори просторот за економска соработка меѓу државите, но истовремено ја поттикна несигурноста и **економска поларизација на светот.** Всушност, според многумина проучувачи на оваа проблематика глобализацијата ја продлабочи нееднаквоста преку нерамномерно дистрибуирање на предностите во корист на богатите држави. Притоа, таа доведе до дехуманизација, до отуѓување и експлотација на човечки и природни ресурси, со премолчен „благослов“ на немоќните и сиромашните заедници.

Главни играчи се големите мултинационални корпорации и моќни финансиски институции кои во глобализацијата ја видоа извонредната прилика за премостување на традиционалните државни пречки со цел остварување на глобална стопанска дејност. Најмоќните од нив отидоа дотаму да државата ја посматраат како организација подредена на економијата, односно како административно-услужна структура во функција на реализацијата на нивните економски ангажмани. Од друга страна, има приоди кои реализацијата на економското поврзување не го гледаат како нешто што треба да се остварува во глобални рамки туку тоа да „застане“ на регионално ниво (слично на ЕУ). Притоа се воочува определен страв кај овие приврзаници во смисла дека регионализацијата би можела во дадени околности да предизвика создавање на спротивставени трговски блокови.

Критичарите на глобализацијата укажуваат на постоење на евидентно лицемерие кај западните држави кога во прашање е отварувањето на нивните пазари за производи и услуги од сиромашните земји. Имено богатите заедници изградија редица трговски бариери за пристап на сиромашните држави на нивниот пазар со истовремено „притискање“ на недоволно развиените да ги елиминираат таквите пречки за производи и услуги кои потекнуваат од нивниот простор.

Познато е дека сиромашните земји се „гладни“ за странски инвестиции. Со цел нивно привлекување често се подготвени (принудени) да направат редица економски одстапки на сопствена штета. Една од најчестите последици од таквиот приод се огледа во потиснувањето, маргинилизирањето и во крајна линија елимирање на дел од домашната бизнис конкуренција.

Се смета дека во ситуации кога светското стопанство ќе тргне по надолна линија дека глобализацијата ќе биде таа која ќе биде обвинета за настанатата состојба. Една од последиците на тоа најверојатно ќе биде реактивирање на стари и вклучување на нови бариери за слободна трговија проследено со интензивирање на сиромаштијата во третиот и четвртиот свет.

3. Едно од клучните прашања врзано за глобализацијата е да ли таа води кон помирен и побезбеден свет или пак индуцира нови опасности и ризици. Мислењата се поделени. Факт е дека глобализацијата придонесе некои причини за конфронтирање од минатото да станат во некоја смисла архаични, но отвори простор и за појава на нови облици и видови на судири. Исто така прогресираа некои опасности и закани кои ретко се манифестираа во минатото.

Приврзаниците на мислењето дека глобализацијата води кон попросперитетен свет во кој ќе надвладува мирот, „аргументацијата за таков став главно го базираат врз тврдењето дека луѓето кои тргуваат имаат заеднички интереси и скоро да немаат никакви побуди да војуваат". Односно, „дека со интеграција на инвестициите и потрошувачите во глобално стопанство, прилики за предизвикување на насилство и војна ќе бидат намалени" (Charles W. Kegley, Jr., and Eugene R.Wittkopf , 2004).

Неистомислениците на споманатово во фокусот на интересирање ја имаат нерамномерната распределба на богатството предизвикана од глобализацијата. Според нив тоа ќе биде главен извор на проблеми и закани за светската безбедност. Односно, тие „меѓу другото, сметаат дека тероризмот ќе биде една од главните алатки" за урамнотежување на придобивките од глобализацијата наспроти сегашната тенденција за создавање на поларизирани групи на добитници и губитници. Она што им оди во прилог на тие кои во терористичките акти го гледаат начинот кој ќе овозможи остварување на идејата за „поправеден свет" е создадената мрежа за слободен проток на трговијата и комуникациите која овозможува лесно поврзување на терористите и криминалците. Односно, новите закани главно ќе бидат од невоена и глобална природа. Тие се исто така мошне опасни и се насочени кон надминување на нерамнотежата меѓу економскиот и социјалниот развој потикнат од глобализацијата.

Меѓузависноста, како што сметаат многумина теоретичари, ја потикнува како војната така и мирот. Притоа може да се очекува и употреба и на воената сила заради постигнување на некои политички погодности, но се почесто под превезот на потребата од реализирање на глобални безбедносни интереси. Тоа е она што и најмногу загрижува. Имено, ако надвладее концептот дека е потребно да се забрзаат активностите за прилагодување и адаптирање кон новата реалност, па и по цена на насилно глобализирање на одделни држави, реална е опасноста од појава на редица трагични судири. Репресивна глобализација наспроти мирна демократска еволуција доведува до активен отпор, најчесто олицетворен во т.н. асиметрично војување.

Сериозно искушение за глобализацијата преставува и тенденцијата за дезинтегрирање (најчесто насилно) на одделни држави, односно тренд за создавање на нови политички заедници. Според некои крајно радикални проценки се тврди дека ако т.н. балканизација продолжи може да се случи да од сегашните 208 држави во светот меѓународната заедница за неколку децении да биде составена од околу 500 земји. Ако ги имаме предвид основните начела на глобализацијата и нејзиниот подфеномен регионализација, просто е несфатливо како овие два аспекти (интеграција и дезинтеграција) можат да се вклопат во обединувачка идеја наречена глобализација без светот да се претвори во едно бескрајно поле на трагични судири.

Она што денес е сосема евидентно и јасно на секоја одделна држава, па и и на оние најмоќните, е дека новите безбедносни проблеми не можат да се решат само по пат на употреба на воена сила, односно дека ниту една држава самостојно не може адекватно да одговори на транснационалните и глобалните опасности.

Мултиратерален пристап во остварувањето на безбедносните потреби на човештвото на што пошироко рамниште, најверојатно е приод кој денес и во иднина би требало да преставува клучно решение во борбата против „хипер тероризмот" и разните аспекти на меѓународното криминално делување, а со цел афирмирање на позитивните аспекти на глобализацијата.

4. Глобализацијата ја потикна поделбата на оние кои имаат и на оние кои немаат доволно средства за живот, стравично зголемувајќи го бројот на сиромашните во третиот свет.[3]

Односно светски тренд е богатите да стануваат се побогати и помалубројни а сиромашните уште посиромашни и побројни што всушност е и најголем неуспех на глобализацијата. Бидејќи придобивките од глобализацијата не се рамномерно распоредени многу луѓе (ќе) мигрираат кон богати зони и држави, легално или илегално, што се толкува како еден од конфликтните аспекти на глобализацијата.

Се смета дека во наредните неколку децении миграциските присоци кон богати општества со се постаро население ќе се зголемува, бидејќи вселувањето преставува економска и политичка нужност за просперитетните држави. Преголемиот прилив на мигранти во земји рецептори го менува нивниот етнички состав што може да го дестабилизира домицилното општество, односно да преставува еден од основните причини за конфронтирање. Од друга страна, исе-

[3] Денес нешто над 2 милијарди луѓе живеат со помалку од 2 долари на ден од кои половината и помалку од 1 долар на ден. Од друга страна, околу 200 најбогати луѓе располагаат со приход колку и спомнатава група од 2 милијарди.

лувањето служи како своевиден вентил за ублажување на растечкиот демографски притисок во земјите од третиот свет и значаени извор на финансиски приходи на најсиромашните слоеви.[4]

Не треба да се испушти од предвид и тоа дека сиромаштијата може да доведе до деградација на животната средина, а деградацијата на животната средина придонесува за зголемување на сиромаштијата. Исто така, сосема е извесно дека со економскиот растеж поткнат од глобализацијата ќе дојде до поголема урбанизација поткопувајќи ги на тој начин традиционалните рурални општества.

5. Една од причините поради која се напаѓа глобализацијата е и тоа што се смета дека она преставува закана за културниот идентитет и вредностите, односно дека поради глобализацијата се загрозени локалните обичаи, регионалните вкусови и националните традиции. На носителите и промоторите на глобализацијата, олицетворени во материјализмот и индувидуализмот на западот или во американскиот начин на живот, се гледа како на нападни и неприфатливи закани за фундаменталните национални вредности (јазикот, семејните односи, моралот и др.).

Имено, интенцијата за наметнување (спонтано или целно) на американскиот начин на живот на други народи предизвикува страв, отпор па и судири поради можноста од хомогенизација на културата или т.н. кокаколонијализација на светот.

Но, очигледно е и тоа дека нема едноставен одговор на културните и вредносните закани предизвикани од глобализацијата која ги брише традиционалните разлики меѓу националното и меѓународното, меѓу приватното и јавното и меѓу домашното и странското.

Односно, духовниот живот на денешните генерации е некој вид на софистициран микс на национална и глобална култура и најверојатно само уште тврдокорните екстремисти веруваат дека националната култура треба да се мумифицира" (Печулиќ, 2005).

Начинот на кој ќе се интегрираат и адаптираат традиционалните институции и вредности во процесот на глобализацијата, (природно усвојување или присилно наметнување, искоренување или взаемно обогатување), се чини дека ќе биде еден од суштинските културолошките предизвици во новото време наречено глобализација.

---

[4] Популацијата на богатите земји стагнира, наталитетот опаѓа под морталитетот, при што потребата од работна сила станува неизбежна. Истовремено наталитетот во сиромашните земји е многу поголем, популацијата расте и е се помлада. Калкулациите покажуваат дека ако овој тренд продолжи дека до 2050 год. бројот на жителите во неразвиените земји повеќеструко ќе се зголеми додека во разиените држави тие бројки се очекуваат да паднат или да останат непроменети.

## Заклучок

Глобализацијата е предизвик за целиот свет, таа може да биде сила во интерес на доброто, но постои големо незадоволство од неа. Глобализација со похуман лик најверојатно во наредниот период би требало да преставува основно кредо на водачите, политичарите и на меѓународните организации кои навистина сметаат дека овој проект треба да успее.

Стотици милиони луѓе во светот не ги чувствуваат благодетите на глобализацијата, напротив најголем дел од нив дојдоа во уште потешка ситуација од претходната, а нивните животи станаа уште понесигурни. Бројни се последиците од глобализацијата кои тешко се следат и регулираат бидејќи едноставно се работи за сосема нови процеси кои тешко се препознаваат како опасности. Транснационалните феномени во определена мерка се вон контрола на власта и надзорот на државите предизвикувајќи редица контроверзни ситуации.

Голем број на луѓе во светот во глобализацијата го препознаваат основниот виновник за поткопување на демекратските придобивки, слабеењето на државата, за социјалната поларизација, просторната сеграгација, глобалниот апархејд, „мекдонализација“ на културата, еколошкото загадување и др.

Но еве како некој низ призма на Орвел го гледаат мега трендот на глобализацијата во иднина (Пејчулиќ, 2005):

1. настанување на периодот на „еколошки катаклизам“, долгорочни климатски пореметувања, сурови војни за вода и се помалку природни богатства;
2. пренаселеност на планетава и популациска катастрофа-демографска експлозија проследена со масакар на цели субрегиони предизвикан од сидата или нови епидемии и масовно осиромашување;
3. спектакуларен развој на технологијата и нејзина дехуманизирана употреба-нов круг на нуклеарно, биолошко и хемиско оружје за масовно уништување достапно на терористичките групи, како и генетски инженеринг, клонирање и создавање на нови „човечки“ видови;
4. гигантска фузија на транснационални корпорации, создавање на монополи кои ќе владеат со цели производни и усложни гранки; на повидок е комбинација на пазарната логика и диригирање на целокупниот економски живот од еден тесен круг на елити;

5. фрагментација на работните слоеви, елиминирање на нивната колективна моќ, ерозија на солидарноста и на сите комунални, социјални и семејни врски, создавање на осамена толпа на изолирани, себични и рамнодушни индувидуи лесно подложни на манипулација;
6. глобална сегрегација-пребогати општества од север тежнеат во еден здив да ја реализираат глобалната експанзија а потоа херметичко затварање и нивно трансформирање во тврдини опкружени со се порестриктивни влезни визи како штит за нивниот надпривилегиран начин на живот;
7. милитантни фракции на транснационалните елити на моќта ќе настојуваат да создадат авторитарна наднационална држава“ со трансформирање на сите наднационални институции (ООН, ММФ, СБ, СТО) во свои извршни органи а НАТО во сила за својата планетарна интервенција и контрола над природните ресурси и
8. создавање на медиумски монопол со цел конструирање на свет на привид како замена на реалноста.

(Рецензент: *проф. д-р Лидија Георгиева*)

## ЛИТЕРАТУРА

Heuwood A., Politics, Palgrave Macmillan Ltd, SAD,2002.

Brzazunski Z.,: THE CHOISE: Global Domination or Global Leadership, Basic Books, New York, 2004.

Stiglitz J., Globalization and its Discontents, W.W.Norton Company, New York, 2002.

Plevnik J., Iza globalizacije, Golden marketing, Zagreb, 2003.

Vidojevic Z., Kuda vodi globalizacija, JP, Filip Visnjic – Institut drustvenih nauka, Beograd, 2005.

Kerc P., Kako preurediti savremeni svet – prevod, Filip Visnjic, Beograd, 2005.

Soros Dz., The Buble of American Supremacy, Public Affairs, New York, 2004.

Pecujlic M., Globalizacija –dva lika sveta, Gutenbergova galaksija, Beograd,2005.

Charles W. Kegley, Jr., and Eugene R.Wittkopf, WORLD POLITICS Trend and Transformation,Thomson Learning, London, 2004.

Zoran NACEV

## CHALLENGES OF GLOBALIZATI ON AND SECURITY IMPLICATIONS

### Summary

*Within this paper titled Globalization and security implications various viewpoints concerning globalization are debate. The accent is on the negative consequences of the process of globalization starting with political, economic, security, social and cultural aspect. They are separated and grouped to compose so called non-military aspects of security that appeared currently but with the characteristic and real bases to proceed developing on the long term. Alongside we pay sufficient attention on globalization as a basic term and its positive aspects.*